Во потточката 20. Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања под г) за заменици на членовите: во точката 2), зборовите: „Петре Шилегов“ се заменуваат со зборовите: „Хари Локвенец“.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3900/1
8 ноември 2017 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

---

**3061.**

Врз основа на членот 76 став 1 од Уставот на Република Македонија и членот 2 точка 7 од Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 64/17 и 73/17), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 8 ноември 2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРАШАЊА НА ИЗБОРИТЕ И ИМЕНУВАЊАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Во Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 64/17, 73/17 и 84/17 ), во точката II. под а) за членови: во точката 7. зборовите: „Стефан Богоев" се заменуваат со зборовите: „Хари Локвенец", во точката 8. зборовите: „Петре Шилегов" се заменуваат со зборовите: „Костадин Костадинов" и во точката 12. зборовите: „Зеќирија Ибрахими" се заменуваат со зборовите: „Фадил Зендели".

Под б) за заменици на членовите: во точката 6. зборовите: „Максим Димитриевски" се заменуваат со зборовите: „Лидија Тасевска", во точката 9. зборовите: „Коста Јаневски" се заменуваат со зборовите: „Татијана Лалчевска" и во точката 12. зборовите: „Фадил Зендели" се заменуваат со зборовите: „Африм Гаши".

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3901/1
8 ноември 2017 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

---

**3062.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 3 од Одлуката за основање Национален совет за евроинтеграции („Службен весник на Република Македонија“ број 140/2007 и 91/11), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 8 ноември 2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

I. Во Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици - членови на Националниот совет за евроинтеграции („Службен весник на Република Македонија“ број 89/17 и 122/17), во точката I. под в) за членови: точката 15 се менува и гласи:

„15. Насер Селмани, претставник на Здружението на новинарите на Македонија“.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3902/1
8 ноември 2017 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

---

**3063.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 19 и 20 од Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 85/14), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 8 ноември 2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРАТЕНИЧКИ ГРУПИ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ПАРЛАМЕНТИ НА ДРУГИ ДРЖАВИ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА ПРАТЕНИЧКИТЕ ГРУПИ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ПАРЛАМЕНТИ НА ДРУГИ ДРЖАВИ

Член 1

Во Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави („Службен весник на Република Македонија“ број 122/17) во членот 3 во точката 2. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Албанија, под б) членови, во потточка 7. зборовите: „Зеќирија Ибрахими“ се заменуваат со зборовите: „Реџеп Мемеди“.

Во точката 6. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Федерацијата на Босна и Херцеговина под б) членови, во потточка 7. зборовите: „Зеќирија Ибрахими“ се заменуваат со зборовите: „Неџбедин Каремани“.

Во точката 7. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија, во потточка 7. зборовите: „Африм Гаши“ се заменуваат со зборовите: „Реџеп Мемеди“.

Во точката 8. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на земјите од Блискиот и Средниот Исток, во потточка 7. зборовите: „Африм Гаши“ се заменуваат со зборовите: „Неџбедин Каремани“.